# PRESS RELEASE

United Nations Development Programme

UNDP

## Регионалните развојни политки директно влијаат врз квалитетот на живот

### Презентирани резултатите на новиот извештај „Граѓански засновани анализи“

**09 април 2009** – **Универзитетот на Југоисточна Европа** и **Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)** денес го промовираа второто издание на извештајот ***„Граѓански засновани анализи“***. Новото издание на извештајот се надоврзува на првиот број (објавен во Март 2008), правејќи еден чекор понатаму, со истражување на регионалните нееднаквости во контекст на социјалната исклученост и квалитетот на живот низ целата земја.

Оваа публикација е напишана врз основа на **првото истражување за квалитетот на живот**, досега спроведено во нашата земја, и се фокусира на мерење и споредување на квалитетот на живот преку перцепциите на граѓаните. Дополнително, фокусот е насочен кон **регионалниот развој и локалната самоуправа**, посочувајќи воедно и препораки како да се редуцираат просторните нееднаквости преку ефективни регионални политики. Истражувањето беше спроведено на репрезентативен примерок од 3.000 испитаници, во сите региони на земјата.

Клучни наоди на второто издание на "Граѓански засновани анализи" се:

**1.** Регионалната политика е исклучително важен инструмент за постигнување еднаквост во развојот и во квалитетот на живот;
**2.** Истражувањето покажа дека квалитетот на живот го подобрува севкупното задоволство и среќата на граѓаните;
**3.** Граѓаните на земјата се изјасниле како најнесреќни во регионот, што може да се должи на нискиот животен стандард, како и на ниската социјална вклученост и кохезија на одредени општествени групи.
**4.** На општините и на центрите за регионален развој им се потребни повеќе ресурси за да ги задоволат потребите на граѓаните, а тоа е особено потребно во сферата на животната средина;
**5.** Истражувањата уште еднаш ја нагласуваат позицијата на обесправеност на Ромската заедница која страда од значајно пониски примања, понизок квалитет на животот, поголеми и подлабоки нивоа на сиромаштија, поради што тие се најнезадоволните и најнесреќни граѓани во земјата.

*„За жал, сите ние сме свесни дека еден од ефектите на транзицијата е значајното зголемување на несразмерноста во богатството помеѓу луѓето и помеѓу регионите; која земјата сеуште не може да ја надмине. Уште полошо, нееднаквостите во земјата се меѓу највисоките во Европа, а тоа има многу негативно влијание врз среќата и задоволството на луѓето,“* изјави г-а **Мариа Луиза Силва Мехијас**, Постојан координатор на ООН и Постојан претставник на УНДП.

Таа исто така нагласи дека треба да се искористат можностите кои се отвараат со инструментите за регионален развој кои ЕУ ги има на располагање за помалку развиените региони и кои наскоро ќе им бидат овозможени и на претпристапните земји. *„Прашањето е како да започнеме да се подготвуваме сега, за да можеме колку што е можно побрзо да имаме корист од оваа можност за развој. Да ги составиме политиките, приоритетите, структурите, системите, капацитетите, инструментите и ресурсите кои на земјата ќе и овозможат да има што е можно поголема придобивка од Инструментите на ЕУ за регионален развој,“* нагласи г-а Силва Мехијас.

✦ ✦ ✦

**Информации за уредниците:**

УНДП е глобална мрежа за развој на Обединетите Нации, која се залага за промени и поврзување на знаењата, искуствата и капацитетите на земјите, со цел да им се помогне на луѓето во градењето подобар живот. Програмата за развој на ООН е присутна во 166 земји, и работи со нив на изнаоѓање автентични решенија во однос на предизвиците на глобалниот и националниот развој. Во активностите за развој на локалните капацитети, секоја земја има можност да го користи знаењето и потенцијалот на УНДП и на нашиот широк круг партнери.

8-ma Udarna Brigada 2, 1000 Skopje P.O. Box 305 Tel: (389 2) 3249500 Fax: (389 2) 3249505 www.undp.org.mk